Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на ден 03.11.2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по пријавата со број 12-2618/1 од 02.10.2025 година, со наводи против директорот на ООУ „----------------------“ --------------, -----------------, поради сомневање за постапување спротивно на забраните пропишани со Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во изборниот период на Локалните избори 2025 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-2618/1 од 02.10.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До ДКСК на ден 02.10.2025 година, е доставена пријава од непознат подносител со наводи против директорот на ООУ „----------------------“ -------------, -----------------, поради сомневање за прекршување на законските одредби во изборниот период на Локални избори 2025 година, во постапка за работно ангажирање на наставник по англиски јазик. Подносителот во пријавата наведува дека на горенаведеното работно место, директорот ангажирал лице со кое е во блиска врска - кумство.

Со цел утврдување фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање за доставување на податоци до ООУ„-------------------------“ во -----------------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Постапувајќи по горенаведеното барање, на ден 22.10.2025 година, ООУ „----------------“--------- достави Информација заведена со арх.бр.-------------/--, во која директорот на училиштето, ------------------, наведува дека нема ангажирано ниту вработено наставник по англиски јазик во изборен период на Локалните избори 2025 година.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК утврди дека во пријавениот случај не станува збор за прекршување на членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот Законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што во предметното основно училиште во наведениот период не била извршена постапка за вработување на лице од наведениот профил, што значи дека не се потврдуваат наводите од пријавата.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk